# КАРПОШ
## Неделен Е - БИЛТЕН









**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**
**23 - 29 јануари 2023 Билтен бр. 510**

# ДОДЕЛЕНИ 255 ПАКЕТЧИЊА ВО ООУ „АВРАМ ПИСЕВСКИ“

**Поделени беа 255 новогодишни пакетчиња на секој ученик од ООУ „Аврам Писевски“. Пакетчињата беа донација од КАМ Маркет, по повод новогодишните и божиќни празници.**



# КАРПОШ И ОПШТИНА Л-ИСЛА (МАЛТА) ЗАЕДНО ЌЕ АПЛИЦИРААТ КОН ЕУ ФОНДОВИТЕ

Првиот човек на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски и градоначалникот на Општина Л-Исла (Малта), Клајв Пулис, денеска претпладне во хотелот Александар Палас, одржаа заедничка прес-конференција по повод официјализирање на договорот за збратимување помеѓу овие две локални самоуправи. Инаку, станува збор за прв документ од овој вид кој го потпишува оваа малтешка општина со македонска локална самоуправа, и истиот ќе се потпира врз традиционално пријателство меѓу своите граѓани, имајќи ја предвид заедничката цел за зајакнување на нивната размена и соработка во области од заемен интерес.

Во таа насока, градоначалниците Јакимовски и Пулис го потпишаа меморандумот за збратимување, кој во основа е инициран од потребата за меѓународна соработка и учество во ЕУ проекти. Тоа подразбира преземање на низа заеднички активности при аплицирање во проекти од областа на локалниот развој, енергетската ефикасност, квалитетот на локалните и социјалните услуги, инфраструктурата, младинските политики, како и проекти од полето на спортот и образованието.

Особено сум горд што по иницијативата на Општина Л-Исла ја реализиравме оваа средба и секако овој договор за збратимување и меѓусебна соработка, кој произлезе од потребата за подобрување на животните услови на граѓаните од двете локални заедници. Посебно ме радува фактот што заедно ќе настапиме пред развојните европски фондови, каде што треба да бидеме инвентивни при подготовка на нашите проекти. Во текот на овие неколку денови воспоставивме прекрасно пријателство со нашите малтешки пријатели, каде што се уверивме дека нашите две култури се речиси идентични. Наредниот месец, делегација од Општина Карпош треба да учествува на официјалната



презентација на ЕУ фондовите во Малта, што уште еднаш укажува за сериозноста на оваа соработка – потенцираше Јакимовски.
На церемонијата присуствуваа и претставници на Советот на Општина Карпош, каде што беше постигнат заеднички заклучок дека локалните самоуправи треба да развијат заемни релации меѓу своите заедници, и притоа да креираат и спроведуваат програми кои ќе промовираат посилни односи.

Пред присутните се обрати и градоначалникот на Општина Л-Исла, Клајв Пулис, кој во оваа пригода им се заблагодари на домаќините на топлото добредојде и на гостопримството во општина Карпош.

Искрено се надевам дека ова пријателство ќе ги зајакне врските помеѓу нашите две заедници, кое ќе резултира и со имплементација на нови проекти од кои ќе имаат полза нашите сограѓани. Нашата заедничка соработка во меѓународниот сектор, претставува одлична можност за размена на искуства, практики и промоција на нашите локални самоуправи. Во Малта живеат и работат голем број Македонци и токму затоа, од особена важност е да работиме заедно со зголемен интензитет во различни сектори. Притоа, цврсто сум убеден дека процесот на апликацирање кон Европските фондови ќе биде успешен, и оттука можам да констатирам дека ни претставува посебна чест што Карпош, набрзо ќе стане наш партнер при аплицирање на проекти на кои ќе учествува и општината Л-Исла – истакна градоначалникот Пулис.



# ОБРАЌАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ПУЛИС ЗА ПРЕТСТОЈНАТА СОРАБОТКА СО КАРПОШ

Драг и почитуван градоначалник Јакимовски,

Сакам да Ви се заблагодарам за Вашето топло гостопримство во Скопје, а посебно

во Вашата општина Карпош.

Би сакал да кажам неколку збора за нашата општина. L-Isla (Senglea) која е дел

од пристанишниот регион. (Port Region).

Една е од трите града на пристаништето и има 2800 жители.

L-Isla  има титула на "неосвоен град" бидејќи никогаш не била освоена од

отоманската империја во големиот поход на Малта  во 1565 година.

Денес сме тука после иницијалниот состанок одржан минатиот месец во Декември,

за да го потпишеме договорот за збратимување со оваа убава земја Македонија

односно со општината Карпош.

Искрено верувам дека нашето пријателство ќе биде обострано и нашите партнерски

односи ќе бидат успешни кои ќе резултираат со имплементација на нови проекти и

активности помеѓу двете општини.

Соработката помеѓу двете општини во меѓународниот сектор е одлична можност за

размена на искуства, практики и промоција на нашите општини преку

имплементација на нови проекти и активности.

Оваа потенцијална соработка е реципроцитет, посебно во полето на образованието

и културата каде заеднички ќе аплицираме за фондови од Европската Унија, затоа

**и овие проекти ќе бидат од големо значење.**

**Малта е место каде што голем број на Македонци живеат и работат, затоа е многу**

**важно интензивно да работиме заедно во различни сектори.**

**Се надевам дека апликациите со ЕУ ќе бидат успешни и ќе ни биде чест дека**

**Карпош ќе биде партнер на проекти на кои ќе аплицира општината Isla.**

**Ви благодарам уште еднаш, се надевам ќе се видиме наскоро во Малта.**

**Clive Pulis**

**Градоначалник на Л-Исла**



# КАРПОШАНИ ДЕБАТИРАА ЗА ЛОКАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ

Во организација на локалната самоуправа од Карпош и на Коалицијата на младински организации – СЕГА, вчера попладне во просториите на Универзитетот за туризам и менаџмент – Скопје, се одржа јавна расправа по Нацрт-локалната стратегија за млади на Општина Карпош (2023-2027). Во рамки на јавната дебата, беше одржана и кратка презентација за приоритетите и осумте области на интервенција, а самиот процес го координираше службеничката за млади при Општина Карпош, Ивана Темелковска.

Имено, приоритетите и областите беа изработени во процесот на подготвување на локалната стратегија, преку претходно спроведено онлајн истражување со помош на алатката Survey Monkey, како и преку фокус групата и работната група кои исто така беа вклучени во самиот процес. Свое излагање имаа и советниците од Општина Карпош, Добрила Андоновска и Роберт Велјановски, кои во оваа пригода ја поздравија младинската иницијатива вклучувајќи ги тука и нивните креативни предлози.

На јавната расправа присуствуваа и претставници од општинските основни и средни училишта од територија на Општина Карпош, кои дадоа свое видување на процесот на изработување и унапредување на стратешкиот документ. По досега доставените предлози ќе се одржи состанок на ниво на работната група, која ќе ги да ги разгледа овие идеи  и потоа ќе донесе одлука. Оваа стратегија е изработена со поддршка на Коалиција на младински организации СЕГА,  како дел од проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата",  кој е финансиран од ЕУ во кој се вклучени четири општини, вклучувајќи ги локалните самоуправи Кисела Вода, Битола и Тетово. Инаку, партнери на овој проект се и СОС Детско село – СМ, Женскиот Форум од Тетово и Волонтерски Центар – Скопје. Фасилитатори во процесот беа г-дин Ѓоко Вукановски и г-ѓа Ивана Велковска.



# ПОВЕЌЕКРАТНО ДРЖАВНО ЗЛАТО ВО КАРАТЕ ЗА ТРАЈКОВСКИ

Боречките спортови се едни од спортовите кои бараат големо вложување и упорност за да се постигнат врвни резултати. Еден од нив е каратето, кое влегува во групата на јапонски боречки вештини во која се користат сите делови од телото со цел за самоодбрана. Витомир Трајковски од населбата Тафталиџе, кој е ученик во четврта година во С.У.Г.С “Никола Карев”, е повеќекратен државен првак во карате. Тој освен што го освојува државниот златен медал, се гордее и со вицешампионското место во Светското карате првенство кое се одржало во Коња-Турција.

За да ги постигне резултатите досега, Трајковски започнал да се занимава со овој спорт уште на шест годишна возраст.

– Карате започнав да тренирам од мојата шеста година. Причината за да го засакам овој спорт е мојот братучед Лука Шостер. Гледајки го како тренира карате, посакав и јас да можам да го правам истото како него, односно да ги совладам боречките техники.

Тоа и се случи, неколку години наназад Витомир неуморно тренира и совладува нова и нова вештина, која во иднина ќе го однесе и до врвот на некое наредно Светско првнество.

-Започнав да тренирам кај мојот прв тренер Никола Панчев. Мој матичен клуб каде јас тренирам е К.К. МАКПЕТРОЛ. Нема да згрешам ако кажам дека е еден од најтрофејните и најуспешните карате клубови во Македонија. Моите тренери се Бошко Заборски, Петар Заборски и Иван Тиосављевич, тие се нашата движечка сила. Од нив ја добиваме максималната подршка, знаење, љубов, време, знаат да ја постигнат и темпираат нашата форма за ние да постигнеме успех.



**Карпошовиот карате кид, и покрај големиот број на секојдневни тренинзи, успева да постигне и врвни резултати и во своето училиште. Неговите тренинзи, кои се одвиваат два пати дневно, не му дозволуваат целосно да се посвети на училиштето, но сепак Трајковски ја има неизмерната поддршка и разбирање од директорот и наставниот кадар на средното училиште.**

**Архивата на каратистот Витомир е преполна со освоени медали, како на домашно така и на Меѓународно ниво.**

**-Секој медал за мене е значаен и драг, бидејќи за секој освоен медал, јас сум дал се од себе. Сум бил повеќекратен државен првак, освојувач на Кроација опен. Во тековнава година бев во финалето на сениорското Балканско првенство во Белград, каде се закитив со сребрениот медал, бронзен медал на Светската Сериа А лига во Атина и се разбира мојот досегашен најголем  успех, второ место на Светското карате првенство во Коња – Турција.**

**Трајковски често ги согледува  успесите и боречките техники од својот идол, Ryutaro Araga, но се стреми да биде подобар и од него. Неизбежни се врвни резултати на светските првенства за Трајковски, а очекувањата се огромни. Со среќа карпошово карате кид.**



# ПОСТАВЕНИ ВИСОКОКВАЛИТЕТНИ МОНОЛИТНИ РЕШЕТКИ НА НЕКОЛКУ КРИТИЧНИ ТОЧКИ



**На барање на жителите, на улиците Крчин, Ванчо Мицков, Загребачка и раскрсницата на улиците Јуриј Гагарин и Козле поставени се решетки за собирање на атмосферски води. Овие висококвалитетни монолотни решетки имаат за цел да спречат поплавување при поројни дождови на улиците кои важат за критични точки.**